**ЗАПИСНИК**
**од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.06.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Магдалена Довлева Давидовска и Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.06.2018 година.
2. Предлог – одлука за поведување постапка за утврдување недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог – одлука за поведување постапка за утврдување недозволена медиумска концентрација кај Друштвото со ограничена одговорност за радиодифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски го усвои предложениот Записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.06.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека при проверка на податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, е утврдено дека управителот на овој радиодифузер поседува друго Друштво за продукција, производство, трговија, транспорт и услуги ПРОДУКЦИЈА ЕФТОВ Васко ДООЕЛ Скопје, што е спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од таа причина се доставува овој предлог до Советот. По објавувањето на Дневниот ред за 26-та седница на веб страницата на Агенцијата, имал и телефонски разговор и средба со управителот на ТРД АЛФА ТВ, на кој и самите изјавиле дека се свесни за направениот пропуст и дека веќе е почната постапка за отстранување на овој пропуст и во најкус можен рок ќе биде отстранета неправилноста која ја констатираше Агенцијата по службена должност.

Г-дин Петрушевски во врска со точката рече дека е добро што и самите увиделе дека проверките на Агенцијата се точни, најавиле дека ќе го поправат тоа, и се надева дека ќе се реализира отстранувањето на пропустот. Додаде дека и во Предлогот-одлуката што треба да ја изгласаат е даден рок од околу 45 дена за достава на документација. Напомена дека оваа постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација е по службено должност и дека тој ќе ја поддржи.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-337 од 08.06.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, кај кое носител на функцијата управител е физичкото лице Васко Ефтов, кое што се јавува истовремено како основач на Друштвото за продукција, производство, трговија, транспорт и услуги ПРОДУКЦИЈА ЕФТОВ Васко ДООЕЛ Скопје, чија приоритетната дејност/главна приходна шифра е 59.11 – Дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за поведување постапка за утврдување недозволена медиумска концентрација кај Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ. Објасни дека се проверени сите радиодифузери, и тоа: сите управители на радиодифузерите, нивните основачи и самите радиодифузери. Комплетна проверка е направена и констатирани се вакви состојби само кај овие два радиодифузери каде што, значи било кој од овие субјекти, самиот радиодифузер, некој од основачите или управителите се јавува како основач на некои трговски друштва што би претставувало недозволена концентрација. Напомена дека ова не е целосно исклучување поради тоа што преку поврзани лица нема можност така да се проверат. Разликата од претходниот предлог е во тоа што во овој случај е основачот на радиодифузерот, претходно беше управителот, при што основачот истовремено се јавува и како основач на Друштво за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид, а тоа е Агенција за маркетинг. Исто така и оваа ситуација Законот ја препознава како недозволена медиумска концентрација. Објасни дека и со овој радиодифузер е контактирано, дека Друштвото за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид е отворено во февруари оваа година и се свесни дека е од незнаење. Информираше дека радиодифузерот веќе бара најсоодветен начин да се надмине ситуацијата.

Г-дин Петрушевски рече дека и овој случај е сличен како и претходниот и дека има изјаснување и од двата радиодифузери дека ќе се обидат да го надминат пропустот во најбрз можен рок. Во секој случај неговата реакција ќе биде иста и за двата радиодифузери. Согласно Законот Советот ќе ја започне постапката.

Г-дин Фетаи се надоврза на дискусијата и рече дека е добро што се проверува недозволена медиумска концентрација кај сите радиодифузери, бидејќи тоа е една флуидна работа, односно менлива, и може во секое време да стапи во позиција кога нема да биде во согласност со Законот. Агенцијата и во минатото кога имала вакви ситуации реагирала, а и Законот е флексибилен, колку и да е educиден, бидејќи остава простор и време да се отстрани прекршувањето, односно максимален рок од 45 дена. Во таа насока рече дека најважно е кај овие два радиодифузери каде е констатирана недозволена медиумска концентрација да им се укаже дека е направена проверка и дека е констатирано прекршување од страна на регулаторот за да ги преземат обврските кои ги имаат во таа насока.

Г-дин Фиданоски посочи дека обврска на Советот е на сите радиодифузери да им се обезбедат еднакви пазарни услови. Ако Советот не го констатира ова, некои од нив ќе бидат во малку попривилегирана позиција, независно кој субјект, и од таа причина добро е што се прават такви проверки во континуитет, за да не се случуваат вакви ситуации. Од таа причина, и за него е евидентно јасно дека на најголем дел од радиодифузерите овие работи веројатно им се случуваат кога доаѓаат нови лица на кои практично не им се познати работите и имаат конфликт на интереси. Единствена дилема што за него лично останува, иако не мора ништо да значи е следната: доколку по направената промена се повлечат од позициите во радиодифузерот, значи ако се повлечат од таа позиција и останат на позицијата на другиот субјект, што со нивните одлуки во периодот додека биле на позицијата а биле со конфликт на интереси?

Г-дин Трајчевски рече дека тоа не е проблем на Агенцијата. Доколку има правни последици, за нив си одговара радиодифузерот.

Г-дин Трајчев посочи дека формално-правно овде нивниот статус постои додека не се утврди. Затоа е рокот од 45 дена, каде што Законот јасно дава можност тие да се усогласат и по тој рок веројатно, бидејќи ситуацијата е настаната што од незнаење и од некакви грешки, сето тоа ќе си го усогласат со Законот. Се што преземале досега си е во правна сила се додека не се промени формално правно во трговскиот регистар.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-336 од 08.06.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, основач на кое е физичкото лице Сашо Митаноски, коешто се јавува истовремено како основач на Друштвото за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.11 – Агенција за маркетинг, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-2783/4
28.06 **2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**